**20222062908**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 101 став (5) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр.49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17, 83/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.152/19, 244/19, 275/19, 110/21 и 123/22), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 20 септември 2022 година, донесе

**УРЕДБА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА ВИДОТ НА АКТИВНОСТИ, МАКСИМАЛНИОТ ИЗНОС ПО АКТИВНОСТИ, КОРИСНИЦИТЕ, СУБЈЕКТИТЕ КОИ УЧЕСТВУВААТ ВО ПОСТАПКАТА, ПОБЛИСКИТЕ КРИТЕРИУМИ И НАЧИНОТ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ТЕХНИЧКАТА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ**

Член 1

Во Уредбата за видот на активности, максималниот износ по активности, корисниците, субјектите кои учествуваат во постапката, поблиските критериуми и начинот за доделување за техничката поддршка во земјоделството и руралниот развој („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.208/19, 236/19, 53/21, 175/21, 257/21, 67/22 и 81/22), во членот 10 став (1) во алинејата 10 сврзникот „и“ на крајот од реченицата се заменува со запирка, а во алинејата 11 точката на крајот од реченицата се заменува со запирка.

По алинејата 11 се додаваат две нови алинеи 12 и 13 кои гласат:

„ - трошоци за набавка и инсталирање на систем за наводнување капка по капка за производство на сертифициран семенски материјал на тутун на површина до 10 ха и

- трошоци за набавка и инсталирање на платформа за прецизно земјоделство (централна информатичка платформа и сензори за температура на папките на листот и цветот, сензори за нивоа на кислород, ултравиолетово зрачење, електрична спроводливост, волуметриска содржина на вода и температура на почвата, сензори за влажност на листовите, дијаметар на трупот, стеблото и овошјето и сензори за температура, за влажност и за притисок на воздух) за десет земјоделски стопанства лоцирани на цела територија на Република Северна Македонија.“.

По ставот (7) се додаваат два нови става (8) и (9) кои гласат:

„(8) Корисник на техничката поддршка од став (1) алинеја 12 на овој член е Научниот институт за тутун–Прилеп (Универзитет „Св. Климент Охридски“–Битола).

(9) Корисник на техничката поддршка од став (1) алинеја 13 на овој член е Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството.“.

Член 2

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-5858/1
20 септември 2022 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi,** с.р.